**ПРОЕКТ „ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“**

# СТАВОВИ НА РОДИТЕЛИТЕ ПО ОДНОС НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО

## Извештај од реализирани фокус групи

**Скопје, Октомври 2009**

**Наслов на публикацијата:** Ставовите на родителите по однос на спроведувањето на Конвенцијата за заштита на правата на детето во Република Македонија

**Автор:**
М- р Теодора Ајановска Глигорова

**Издавач на публикацијата**: Коалиција на младински организации СЕГА ул. Иво Лола Рибар 5, Прилеп
**Извршен Директор**: Зоран Илиески

**Проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Република Македонија" е финансиски поддржан од фондацијата Песталоци**

## Статистички преглед

- *Фокус групите со родителите се одржани со 59 родители од 14 града (Скопје, Куманово, Штип, Гевгелија, Виница, Кавадарци, Прилеп, Битола, Охрид, Ресен, Струга, Тетово, Гостивар и Дебар).*
- *При тоа беа опфатени 46 Македонци, 10 Албанци, 1 Србинка и 2 Турци*
- *Преку родителите беа добиени информации за деца од возрасните групи 10-12 години (24 родители), 13-15 години (14 родители) и 16-17 години (21 родители).*
- *Образовната структура на опфатените родители е 18 родители со високо образование, 33 со средно образование и 7 лица со основно образование и 1 родител со незавршено основно образование.*
- *Преку вклучените родители се опфатија и следните структури и функции: 5 членови на совет на родители (1 основно и 4 средно училиште), 2 претседатели на Совет на родители во основно училиште, 1 член на управен одбор на основно училиште, 1 советник во Совет на општина Охрид, 1 Советник во совет на општина Ресен.*

## Резиме на наоди од реализираните фокус групи

- **Дали ја имаат видено и што всушност претставува Конвенцијата за правото на детето, и од каде знаат за истата?**

Фокус групите покажаа дека не сите родители се запознаени со Конвенцијата за правата на детето. Тие што биле запознаени ја идентификуваат како меѓународен договор со специфични права, документ со обврски, документ кој Собранието на Република Македонија го има ратификувано во нашата земја. Родителите кои се запознаени со Конвенцијата, дознале за неа преку своите деца, преку предметите кои тие ги учат (Запознавање на општеството и Граѓанско образование), додека дел од родителите во Кавадарци биле запознаени преку брошури на УНИЦЕФ. Повеќето од родителите никогаш ја немаат видено ни прочитано Конвенцијата. Но родителите сепак успеваат да набројат неколку основни права за кои чуле како право на живот, на образование, здравство, грижа на родителите, социјална заштита.

- **Дали во училиштата се реализираат активности во областа на заштита на правата на децата, и на кој начин биле информирани?**

Одговорите на родителите покажаа дека не се реализираат активности во областа на заштита на детски права во сите училишта. Во училиштата во кои имало вакви активности родителите биле информирани најчесто преку своите деца додека во некои случаи биле информирани преку наставниците или псхихо-педагошката служба

Родителите вклучени на советите на родители дале информација дека во осмолетките се реализираат активности за детските права. Но имало мислење од родители дека и кога имало активности, тоа го преавеле нестручни лица, затоа што на голем број наставници кои немаат доволно часови им даваат дополнителни часови само да се потполни бројот на потреби часови за реализација. Ако имало такви активности тие биле без некои практични вежби.

- **Дали се имаат пожалено на некое место околу прекршувањата на правата на децата?**

Родителите не се запознаени со сите права на нивните деца и не се информирани кај кого треба да се обратат доколку на нивните деца им е прекршено некое право. Најчесто прекршувано право според нивно мислење е правото на заштита од дискриминација. Родителите и нивните деца при прекршување на правата најчесто се обраќаат на класниот раководител, педагогот и психологот. Во Скопје учесниците ги навеле и СОС телефон, Меѓаши, Полиција, Социјално и Психолог и Педагог.

- **Дали во училиштето има лице кое што е задолжено за детски права?**

Според родителите во училиштата на постои лице кое е задолжено само за заштита на правата на детето. Таа улога најчесто се припишува на педагогот и психологот. Но исто така дел од родителите сметаат дека децата немаат доверба во институциите и затоа главно тие се жалат на родителите.

- **Дали чуле за соработка на нивното училиште со некоја друга институција или организација?**

Родителите се слабо информирани за таква соработка. Во Скопје се наведени општината, центарот за социјални грижи  како и ромски НВОи. Во Прилеп е наведен примерот на соработка на НВО со училиште со цел изучување на детските права, но родителите не можеле да наведат што конкретно се работело и со која НВО била таа соработка. Еден родител укажал дека имало проекти во кои се правени обиди да се работи со родители но родителите не биле заинтересирани за работа. Истакнал дека тие проекти ги прават лица кои не ја знаат фактичката состојба и поставуваат норми кои неможат да се реализират.

- **Дали се запознаени со работата на правобранителот?**

Мал број од родителите ја познаваат функцијата и полињата на работа на Омбудсманот. Тие што знаеле за ова тело дознале од медиумите. Родителите од Скопје сметале дека Омбудсманот е задолжен само за возрасни.
Родителите исто така немаат пристап до информации за евентуална соработка меѓу училиштето и правобранителот.

- **Како најчесто се донесуваат одлуките во нивното семејство?**

Родителите најчесто разговараат со децата за одлуки кои се однесуваат на нив. Фокус групата во Тетово покажала дека родителите на двете националности се пофлексибилни со децата од машки род, отколку со децата на женски род.
Родителите дозволуваат децата сами да донесуваат одлуки од зависност на возраста на детето, од зрелоста и од случајот за кој треба да се одлучува. Во зависност од темата за која се одлучува во некои ситуации не се консултираат децата туку самите родители одлучуваат. Некои родители истакнале дека децата го кажуваат своето мислење но сепак родителите одлучуваат и не значи дека ќе биде направено како што сакало детето.

- **На кого се обраќа нивното дете доколку постои некој проблем во училиштето?**

Според родителите кога детето има проблем најчесто се обраќа прво на своите родители па на класниот раководител, педагогот и психологот. Кај директорот оделе дури откако ќе ги појделе претходните инстанци.

- **Како родителите можат да ги претстават интересите на своите деца во училиштето и околу функционирањето на училишните тела?**

Родителите имаат ограничени можности да ги претставуваат своите деца во училиштето со оглед дека не ги познаваат целосно механизмите за нивно учество и тие механизми не функционираат во пракса.
Фокус групите покажале дека поинформирани се членовите на училишните тела. Така претставник во совет на родители навел дека родителите можат да ги претстават интересите на своите деца преку здружување на интереси на сите родители од одделение, преку разговор со официјалните лица и професорите/наставниците, преку класен раководител , преку психолог, преку родителски совет, па училишен одбор, па потоа во општината.
Поголем дел од родителите ги знаат училишните тела и можноста за учество на родителите меѓутоа не ги знаат точните функции на овие тела. Исто така родителите се повеќе информирани за советот на родители отколку за училишниот одбор.
Според дел од родителите советите на родители функционираат само на хартија. Најчесто ова тело одлучува само за екскурзии. Исто така, дел од родителите укажале на тоа дека членовите на ова тело често биле бирани преку познанства.
Неколку родители кои биле вклучени во советот на родители кажале дека на состаноците најчесто се зборува за односот помеѓу родител – наставник- ученик, за употребата на мобилните телефони на училиште,и да има дежурни ученици во училиштето за време на часовите и одморите.

- **Што може дететода направи доколку смета дека има  добиено неправедна оцена?**

Од одговорите на родителите на прашањето што може да направи детето доколку смета дека има добиено неправедна оценка е очигледно дека повеќето од нив сметаат дека детето не е во состојба самото да реагира. Во повеќето одговори веднаш била поврзана улогата на родителот. Детето прво кажувало на родителот и потоа родителот реагирал. Само родителите во Кавадарци сметале дека децата треба сами да се изборат за подобра оценка. Мал дел од родителите се запознаени дека има можност детето да одговара повторно пред комисија. Повеќето од родителите не реагираат во такви ситуации и како причини за тоа навеле: дека и доколку регираат класните раководители, настанвиците и директорот нема да направат ништо бидејќи се штитат меѓусебно; затоа што таквите ситуации се минливи и детето со учење ќе ја поправи оценката; или бидејќи ако се жалат наставниците ќе се одмаздат.

- **Како општината ги донесува одлуките по прашањата битни за децата, активности и вклученост на децата во донесување на одлуките?**

Родителите не се запознаени со начините на носење на одлуки во општината кои се поврзани со децата. Исто така тие не биле вклучени во активности и тела на општината ниту учествувале во носење на одлуки освен двајцата родители кои се членови на совет на општина. Единствена соработка меѓу родителите и опшитаната била преку училишните тела каде се вклучени претставници од советот на општината.
Повеќето родители не се запознаени со начини за учество на децата во одлучувањето на општината. Дел од родителите сметаат дека нема законска можност за такво учество. Според некои родители во Тетово, советот на општината е отворен за соработка и децата може да присуствуваат на состаноци, меѓутоа не можат да учествуваат во носење на одлуки.
Родителите од Кавадарци укажале дека минатата година биле вклучени деца во работата на локалната самоуправа преку Детски парламент, каде што нивни претставници оделе на состаноците на Советот на Општината и ја следеле неговата работа.

Родителите од Штип имаат слушнато од медиумите дека во Советот на Општина Штип постои Комисија за правата на детето и слушнале за соработка помеѓу општината и некоја невладина организација за соработка во врска со детски права.

- **Дали чуле за програмите училиште по мерка на детето или општина по мерка на детето?**

Само еден родител од Скопје мисли дека слушнал за такви програми на вести. Сите други родители се согласиле дека немаат слушнато и не знаат што претставуваат тие програми. Еден родител од Охрид искоменитрал дека не е сигурен дека таквите програми се прифатливи.

- **Дали условите во кои учи нивното дете се задоволителни?**

Поголем дел од родителите се задоволни од условите во кои учат нивните деца. Според родителите училиштата се се поопремени и бројот на ученици во класот се намалува. Во однос на спремноста на наставниците има различни мислења. Некои сметаат дека постарите наставници се поквалитетни, а некои пак дека младите наставници се поспремни заради применување на модерни методи. Родителите исто така главно сметаат дека има услови за учество во наставата на деца со посебни потреби.
Со условите не се задоволни родителтие во Тетово кои наведуваат дека има класови со поголем број на ученици од дозволено, училниците се недоволно опремени, наставниците не работат многу со децата туку само даваат оценки на крај, нема систем кој би ги контролирал и селектирал квалитетните наставници. Родителите меѓу другото сметаат дека наставниците се преокупираат секојдневно дали ќе останат на работа или не заради политички промени што тоа влијае на наставата Исто така сметаат дека во некои нови училишта постојат услови за деца со посебни потреби, но во старите нема. На овие деца не им се посветува доволно внимание.
Родителите од Штип укажале дека децата имаат премногу предмети за учење и часови на училиште и дека се преоптоварени со многу непотребен материјал за учење.
Родителите од сите градови изјавиле дека не се консултирани за квалитетот на наставата.

- **Вклученост на нивните деца во воншколски активности**

Повеќето од родителите одговориле дека нивните деца се вклучени во вонучилишни активности како: странски јазици, информатика, математика, спорт, хор, културно уметнички друштва. Само двајца родители одговориле дека поради преголем фонд ан часови детето нема време за дополнителни активности.

- **Што сметаат дека треба да се направи во нивното училиште за подобро да се реализираат правата на децата?**

- Да се организираат секции каде што децата имаат интерес
- Зголемување на часовите за програмите: физичко, музичко- и овие часови да не страдаат и се употребуваат за математика и сл. (9 размислувања)
- Децата би требало да се насочуваат уште во 4то одделение според интересите кои ги имаат,
- Да се даде дополнителна стимулација на децата за учење.
- Стимулација на одличните ученици
- Класните раководители редовно да ги информираат децата за нивните права и каде да де обратат доколку нивните права се прекршени;
- Да се вработи посебно лице кое е задолжено за заштита на детските права;

- Наставниците да се пензионираат со навршени 57 години старост;
- Да се донесуваат закони за училиштата во однос на правата на децата
- Да има надворешен месечен мониторинг на училиштата
- Да се стимулираат наставниците со различни методи
- Да има подобри услови во училиштата
- Да има независни институции особено училишта ослободени од политички влијанија
- Да се организираат предавања прилагодени според возраста на децата од прво до осмо одделение,
- Да се најде начин децата да го искажуваат своето мислење,
- Училиштата да имаат човек од доверба кој ќе сака да работи со децата и кој децата ќе го сакаат, преку некоја мрежа да се прошири тоа да има повеќе луѓе кои ќе работат, да има повеќе предавања организирани како систем, даима материјална надокнада за оние коо ќе работат, НВО да помогнат ако наставниците не се вклучени
- Во наставните програми да се обрне внимание на воспитната улога
- Во училиштето се потребни повеќе активности каде нивните деца ќе се запознаат повеќе со нивните права и иститe ќе можат полесно да ги реализираат.
- Класните наставници на часовите повеќе да ги запознаат со Конвенцијата за правата на детето.
- Во училиштето да има истакнато на огласна табла кои се правата на децата.
- И во програмите на училиштето да има повеќе теми во кои ќе бидат опфатени правата на децата.